# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, февруари 2016 година**

Врз основа на член 11 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 13/11), член 7 став 3 од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/2003, 15/2007 и 20/2012) и решението за именување на Шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија бр.19-699/1 од 06.02.2007 година и бр. 51-990/1 од 11.02.2011 година на ден 12.01.2015 година, Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, бр. 08-3205/1 од 21.10.2015 година се врши изменување и дополнување на следното:

1. Во членот 10, под реден број 1, Државен советник за економски прашања, после зборовите „Економски науки“ се додаваат зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент) “.
2. Во членот 10, под реден број 5, Државен советник за стручно административни прашања, зборовите „Економски науки“ се заменуваат со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“.
3. Во членот 10, под реден број 12, Државен советник за човечки ресурси и нивен развој, зборовите „Економски науки“ се заменуваат со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“ и зборот „Филозофија“ се заменува со зборовите „Политички Науки“

### Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување на огласната табла на Канцеларијата, со претходна согласност на Министерство за информатичко општество и администрација.

**Број ___ _____/_____**
**___. ___. 2016 година**

**ШЕФ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Мартин Протоѓер**